Влада на Република Северна Македонија

**<u>Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Грција и Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на Управувачки комитет за економска соработка</u>**

Согласно преземните обврски од Договорот од Преспа како и согласно Акцискиот план за интензивирање и унапредување на соработката помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција се согледа потребата од интитиционализирање на Управувачки комитет за економска соработка помеѓу Владата на Република Грција и Владата на Република Северна Македонија.

Целта на потпишувањето на Меморандумот за соработка е да се обезбеди поддршка за остварување и подобрување на економското партнерство и реализација на преземените обврски од Спогодбата преку формирање на Управувачки комитет за економска соработка кој ќе работи на оперативна основа.

Предвидено е Управувачкиот комитет за економска соработка да брои 18 членови, и тоа по девет членови од двете страни, од кои најмалку по три од редот на официјалните лица во Владите на Република Северна Македонија и Република Грција и најмалку по пет претставници од деловниот сектор на секоја од страните. Копретседавачи на комитетот ќе бидат Замениците на преседателите на Владите, задолжени за економски прашања, од двете страни.

Управувачкиот комитет за економска соработка ќе организира заеднички деловни форуми за реализација на преземните обврските од потпишаната Спогодба, ќе ја координира билатералната економска соработка и ќе предлага склучување на конкретни спогодби, протоколи и договорни рамки за идни меѓусебни економски активности. Воедно, овој комитет има за задача да поттикнува поблиска соработка помеѓу Стопанските комори на двете страни потписнички.

Управувачкиот комитет за економска соработка ќе се смета за конституиран со одржувањето на првата негова седница, која што ќе биде свикана од страна на Заменик преседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од 30 дена од денот на неговото формирање.